СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

ATA carnet
Passport for goods

# ПРИРАЧНИК за користење дигитален е-АТА карнет

# ATA Carnet App

ICC World Chambers Federation

СОДРЖИНА


- 1. Основни информации (Basics) .......................................
- 2. Преземање на апликацијата (Downloading the App) ............
- 2.1 App Store & Google Play Store .......................................
- 3. Pre-production ..............................................................
- 4. Речник на поими (Glossary) ..............................................
- 5. Регистрација и најава (How to Register and Login) ..........
- 6. Преземање на ATA карнет на смартфон ..........................
- 7. Активирање на карнет (Validation) ..................................
- 8. Подготовка на патување (Preparing a Travel) ..................
- 9. Поминување на царина (Passing Customs) ......................
- 10. Претдекларација и претнајава (Pre-declaration & Pre-notification)
- 11. Споделување на ваучер (Sharing a Voucher) ....................

## ВОВЕД

Апликацијата **e-ATA Carnet** им овозможува на носителите да го преземат и зачуваат карнетот на својот смартфон со сите негови податоци, да ги извршат потребните царински формалности при преминување на граница и да добијат потврди за трансакции во реално време.

**Напомена:**
Потребна е интернет конекција при користење во странство. Осигурајте се дека вашиот пакет вклучува роаминг за податоци или размислете за користење eSIM за локален пристап.

## ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА УПОТРЕБА НА e-ATA APP.

### APP STORE & GOOGLE PLAY STORE

Носителите можат да го преземат својот електронски АТА карнет на својот смартфон преку преземање на ATA Carnet апликацијата од **App Store или Google Play Store.**

- iOS: https://apple.co/3e1re68
- Android: https://bit.ly/3e2d1pl

Download on the App Store    GET IT ON Google Play

- APK direct download: https://bit.ly/ATACarnetAPK

При скенирањето на QR code-от потребно е да причекате да ве одведе до апликацијата на е-АТА

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

- **Лозинка (Password):** лозинка за вашиот кориснички профил поврзан со вашата e-mail адреса.
- **Wallet PIN код:** PIN код што се користи за отклучување и пристап до ATA Carnet Wallet апликацијата.
- **Carnet PIN код:** PIN код што се користи за преземање на ATA карнет во Wallet апликацијата.
- **Transaction code:** код поврзан со конкретна трансакција, кој се прикажува на царинскиот службеник за започнување на трансакцијата.
- **Verification code**: код што царинскиот службеник му го дава на носителот/застапникот за потврда на успешно завршена трансакција.
- **Cancellation code**: код што се прикажува на царината во случај на несогласување или грешка во извршена трансакција. Со него се поништува трансакцијата и се овозможува повторна обработка.

## РЕГИСТРАЦИЈА И ЛОГИРАЊЕ

Подолу се дадени упатствата за регистрација во ATA Carnet апликацијата.

.




Допрете **„Login“.**

Ќе се отвори прозорец во прелистувачот за најава или креирање на сметка.

- Доколку веќе имате ATA Carnet App сметка, внесете го вашето корисничко име (e-mail адреса) и лозинка (Password) или најавете се преку еден од понудените провајдери за автентикација и потврдете пристап.
- Доколку немате сметка, следете ги инструкциите на екранот за да креирате нова сметка или најавете се директно преку еден од понудените *identity providers.*




- Пополнете ги потребните полиња.
- Креирајте Wallet PIN код кој ќе ви биде потребен за отклучување на апликацијата.
- Совет: Може да овозможите автоматска најава (auto-login) во Settings за да го прескокнете овој чекор при секое отворање на апликацијата.
- Доколку го заборавите Wallet PIN кодот, ќе мора да ја избришете апликацијата и повторно да ја инсталирате за да креирате нов PIN при процесот на најава.
- Прочитајте ги и прифатете ги Terms and Conditions.
- Кликнете „Create“.

# ПРЕВЗЕМАЊЕ НА Е-АТА КАРНЕТ НА МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН

Откако ќе ја имате апликацијата на вашиот смартфон и ќе се најавите, можете да го преземете АТА карнетот во ATA Carnet апликацијата.




Допрете „Carnets“




или од менито од страна




Допрете на копчето „+“ во горниот десен агол.




Внесете го бројот на карнетот **(Carnet number или Carnet ID)** и Carnet PIN кодот што сте ги добиле од издавачката асоцијација или што ви ги проследил носителот на ATA карнетот.

Допрете „**Download**“

*Алтернативно, можете да го скенирате QR кодот со допир на иконата за баркод за побрзо внесување, доколку ви е доставен QR код.*

f

## АКТИВИРАЊЕ НА КАРНЕТ (VALIDATION)

Пред да можете да подготвите патување и да извршувате трансакции, карнетот мора да биде активиран, односно валидиран.

За да го направите тоа, едноставно креирајте патување следејќи ги чекорите во следните две поглавја и при првото поминување на царина користете го Activation QR кодот.

## PREPARING A TRAVEL

Носителите или застапниците се обврзани да подготват декларација пред пристигнување на царина. Тоа се прави преку функцијата **„Prepare a Travel“ во ATA Carnet апликацијата**. Еве како се изведува постапката:




Допрете **„Carnets“** од главното мени




или од страничното мени




- Изберете го карнетот што сакате да го користите со допир на него.




- Допрете **„Travels“** на дното од екранот, а потоа притиснете го копчето **„+“** во горниот десен агол.

.




- Пополнете ги задолжителните полиња.
- Доколку е потребно и имате достапни транзитни сетови, додадете транзитни земји/територии со притискање на **„+“** и избирање на земјите/териториите низ кои ќе транзитирате.
- Допрете **„+“** во **„Declared Items“.**




- Внесете ја стоката што треба да се декларира од Генералната листа на АТА карнетот во полето на врвот од екранот за да ја додадете во патувањето. Алтернативно, користете ги копчињата **„+“** и за додавање поединечни ставки или можете да изберете / одберете сите ставки. Може да користите и **„Select all“** доколку е потребно.
- Откако ќе ги додадете сите стоки, допрете го копчето во горниот лев агол за да се вратите назад на екранот **„Prepare Travel“.**




- Допрете **„Save“** за да го зачувате патувањето.




- За да измените патување, едноставно допрете **„Edit“** и по направените измени притиснете **„Save“.** Доколку е потребно, можете и да избришете **(„Delete“)** подготвени патувања, доколку сè уште не е извршена трансакција.

**Напомена:**

1. Подготвените патувања се синхронизираат меѓу уредите. Патување креирано на еден смартфон за одреден карнет ќе биде видливо и на друг уред на кој е преземен истиот карнет.
2. Патувањето може да се зачувува и подготвува во повеќе фази. Осигурајте се дека сите полиња се целосно пополнети пред да одите на царина за извршување на трансакција.
3. Откако патувањето е подготвено, носителот може да сподели еден или повеќе ваучери со застапник кој ќе ја изврши декларацијата на царина. Ве молиме погледнете го соодветниот дел за повеќе информации.

## ПОМИНУВАЊЕ НА ЦАРИНА

Кога патувате со стоката и АТА карнетот, мора да извршите трансакција на секој царински премин. За да го направите тоа, следете ги следните инструкции:




Допрете „**Carnets**“.




- Допрете го АТА карнетот што сакате да го користите.




- Допрете **„Travels“** во долното мени.
- Допрете ја иконата **со QR код** за избраното патување.




- Повлечете надесно до саканата трансакција.
- Внимателно прочитајте ги **„Terms and Conditions“** и допрете го полето за прифаќање на условите.
- Ќе се појави QR код кој мора да го покажете на царинскиот службеник за проверка на карнетот и стоката.
- На крајот од процесот, опционално можете да го скенирате **Verification QR** кодот или да го внесете Verification code што ви го дава царинскиот службеник за потврда на успешно извршената трансакција. Во секој случај ќе добиете известување на телефонот за завршување на трансакцијата и ќе го видите во табот **„Notifications“** во апликацијата.
- Трансакцијата ќе биде потврдена (или одбиена) на екранот.




- Историјата на трансакции може да се види во делот **„Notifications“.** За ново извршена трансакција потребни се неколку минути за да се појави во овој дел.

**Напомена:**

*Едно подготвено патување автоматски креира најмалку 2 QR кодови за трансакции, во зависност од сценариото (1 извоз + 1 увоз или 1 ре-извоз + 1 ре-увоз), како и евентуална активација и/или транзит.*

## ПРЕДПРИЈАВА (PRE-DECLARATION AND PRE-NOTIFICATION)

**Напомена:**
**Функциите за преддекларација и преднајава сè уште се во бета фаза на тестирање.**

ATA Carnet апликацијата вклучува функции за претдекларација и преднајава.

- Со **преднајава (pre-notification)**, носителот или застапникот на АТА карнетот може да ја информира царината за претстојно пристигнување на карнетот и да го наведе очекуваното време на пристигнување. Носителот може да избере дали ќе ги испрати деталите од карнетот или не.
- Со **претдекларација (pre-declaration)**, носителот или застапникот може однапред да ги испрати податоците од карнетот до царината, пред пристигнувањето на стоката. Царината ќе има увид во сите детали и претходно подготвената декларација и може да одлучи дали ќе ја одобри трансакцијата без запирање на стоката или ќе побара инспекција пред одобрување.

Еве како се користат функциите за претдекларација и претнајава:




- Допрете го АТА карнетот што го содржи подготвеното патување кое треба да се испрати како претнајава (pre-notification) или претдекларација **(pre-declaration).**




- Допрете го табот **„Travels“** во долното мени.

- Пронајдете го подготвеното патување што ја содржи трансакцијата која треба да се проследи до царина и допрете **„Add predeclaration“.**




- Повлечете надесно или налево додека не ја најдете трансакцијата за која сакате да подготвите преднајава **(pre-notification)** или преддекларација **(pre-declaration).**
- Пополнете ги полињата како што е прикажано на екранот.
- Во делот **„Options "**
- ако не изберете ништо, се испраќа претнајава со податоци од карнетот,
- ако изберете **„Allow only pre-notification "**, се испраќа барање за претнајава без податоци од карнетот,
- ако изберете „**Allow automatic transaction** ", се поднесува претдекларација до царина.
- Изберете ги потребните прилози **(attachments)** што сакате да ги додадете во претнајавата / претдекларацијата. Може да додадете и дополнителни документи со притискање на **„Add document ".**
- Откако ќе ги пополните сите полиња, допрете **„Send"**за испраќање до избраната царинска испостава.




- Откако царината ќе ја обработи претнајавата или претдекларацијата, во табот **„Travels“** апликацијата ќе прикаже:
- **Зелена ознака (check):** претдекларацијата е прифатена и потврдена (трансакцијата е исто така видлива во табот „Notifications“) или претнајавата е потврдена од страна на царината.
- **Сива ознака (check):** барањето сè уште не е обработено.
- **Црвен крст:** претдекларацијата е одбиена. Во овој случај, царината бара носителот или застапникот да се јави за физичка инспекција.

**Целта на преднајавата и преддекларацијата е да ѝ се овозможи на царината однапред да ги добие потребните информации за карнетот и стоката, со што се забрзува обработката при пристигнување.**

## СПОДЕЛУВАЊЕ НА ВАУЧЕР (SHARING A VOUCHER)

Откако ќе биде подготвено патувањето, носителот на АТА карнет може да ги сподели ваучерите со својот застапник, кој ќе ја изврши декларацијата на царина.

За да сподели ваучер, носителот мора:




- Допрете го АТА карнетот што го содржи подготвеното патување кое треба да се сподели.

.




- Допрете го табот **„Travels“ во долното мени.**
- Допрете ја иконата со QR код за избраното патување.
- Повлечете надесно до саканата трансакција.
- Внимателно прочитајте ги **„Terms and Conditions“** и допрете го полето за прифаќање на условите.
- Допрете ја иконата за споделување во горниот десен агол на екранот и прочитајте ја важната напомена за споделување на ваучер. Откако ќе потврдите, изберете го начинот на споделување.

.




- Застапникот до кого споделувате ќе добие порака која содржи URL за ваучерот. Тој може да го преземе ваучерот за офлајн користење со допир на иконата за печатење (print), или со негово импортирање во **Apple Wallet или Google Wallet,** или во која било друга апликација што може да го отвори.

**Напомена:**
Доколку носителот сака, може да го сподели целиот карнет со застапникот преку **Carnet ID и PIN код.** Застапникот потоа може да го преземе карнетот во својата ATA Carnet апликација. Споделувањето на карнетот мора да се врши внимателно и не ја исклучува одговорноста

**ПРАКТИЧНИ СОВЕТИ ЗА УСПЕШНО ПАТУВАЊЕ**

**Пред патување**

✓ Проверете дали карнетот е преземен.

✓ Осигурете интернет конекција.

✓ Внесете број на лет во **„Extra Details “.**

✓ Проверете каде се наоѓа царинската канцеларија на аеродромот.

✓ Планирајте најмалку еден час дополнително време.

**На аеродром**

✓ Прво одете на царина, а потоа на **check-in.**

✓ Чувајте ја опремата достапна за инспекција.

✓ Бидете подготвени за проверка на сериски броеви.

**При пристигнување**

✓ Следете ја ознаката **„Goods to Declare “.**

✓ Доколку нема службеник, побарајте контакт со царината.

**ПОДДРШКА**

За дополнителни информации и техничка поддршка:

**Стопанска комора на Северна Македонија**
**Бизнис Канцеларија - АТА карнети** **www.mchamber.mk**

Е-пошта: suzana.ilieska@mchamber.mk ; igor@mchamber.mk ; gorazd@mchamber.mk; elida@mchamber.mk

Телефон: 02 3244049.

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA